HOTEL SERVICE DOOEL

SKOPJE

Project: "**APELINI leader in the production of natural juices in Balkans**" financed by the **EU for Economic Growth (EU4EG) Project**, implemented by **GIZ**-German Agency for International Cooperation in the Republic of North Macedonia

Проект бр. **81294410**

Опис на работни задачи:ЦЕРТИФИКАЦИЈА на компанијата Хотел Сервис дооел Скопје за Систем за управување со квалитет ИСО 22000 за компанијата ХОТЕЛ СЕРВИС дооел Скопје

Основни податоци за проектот

EU4EG е проект финансиран од ЕУ имплементиран од DeutscheGesellschaftfurInternationaleZusammenarbeit (GIZ) GmbH (Германска Агенција за Меѓународна Соработка) посветен на подобрување на можностите за раст за почетните претпријатија и малите и средните претпријатија, каде се промовираат концепти за зелена економија и зелен раст, како и иновативни технологии и методи за подобрување на бизнисите и зголемување на конкурентноста на долг рок.

Главните цели на проектот се подобрување на услугите за поддршка на бизнисот, консолидирање на инфраструктурата за поддршка на бизнисот, поддршка на постоечките деловни иницијативи со висока додадена вредност во воведувањето на иновативна технологија, технолошки линии и опрема, подобрување на деловните процеси и ефикасноста на производството за да се зголеми конкурентноста. Економските активности вклучуваат кружна и зелена економија, иновации и ИТ и високо конкурентни економски сектори со потенцијал за раст.

Овој проект се состои од меѓусебно поврзани и логично поврзани активности кои ќе доведат до значајни достигнувања идентификувани во областа на преработка на земјоделски производи во регионот на Преспа и пошироко.

Проектот ќе доведе до развој на локален синџир на снабдување составен од компанијата Хотел Сервис ДООЕЛ-Скопје/ Подружница Ресен како поддршка за малите земјоделци - овоштари во Преспанскиот регион. Синџирот на снабдување е суштински дел од успехот на компанијата. Компанијата купува органско овошје и зеленчук, ги преработува во соковисо користење на специјална технологија и ги пласира на пазарите во Европа и Блискиот Исток.

Основно за компанијата:

ХОТЕЛ СЕРВИС ДООЕЛ СКОПЈЕ/ Подружница Ресен е компанија која создаде уникатно портфолио на производи од природно цеден сок кои се иновативни на пазарот во Македонија и најблиските земји. Програмата е иновативна и конкурентна за европскиот пазар и се води од концептот за здрава храна, кој во последните години стана многу актуелен. Благодарение на квалитетот и модерниот дизајн, компанијата успеа да реализира повеќе од 90% од своето производство на странските пазари (Оман, Катар, Иран, Шведска, Словачка и Хрватска).

Co-funded by the European Union

Federal Ministry for Economic Affairs and Climate Action

giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

AREA SCIENCE PARK

Контекст

Сертификатите од меѓународни стандарди ќе и обезбедат на компанијата меѓународнопризнавање на квалитетот на производите и можност за соработка со странски фирми кои се лоцирани во Македонија како и да им помогне во пробив на нови пазари во странство. Компанијата сама не може да ги имплементира истите поради непознавање на деталните специфики на стандардите и легислативата, потребана непристрастност и водење на сите процеси, тимови и сертификациони фази за здобивање на потврди кај цертификациони тела за стандардите за квалитет и животна средина. Затоа е потребно ангажирање на надворешен економски оператор (Консултантска компанија).

Оваа активност ќе придонесе за постигнување на општата цел на проектот EU4EG, а тоа е да придонесе за зголемување на локалната економска активност и конкурентност преку подобрување на соработката со локалните организации за подршка на бизнисите преку давање на деловни услуги, воспоставување на системи за контрола и следење на квалитетот во компаниите, како и подобрување на перформансите на бизнисите за извоз на своите производи на надворешните пазари.

Општата цел на ангажманот на Консултантската компанија е издаде цертификатр за меѓународни стандарди за безбедност на храна.

Сертификатите треба да бидат издадени на македонски јазик и англиски јазик.

Задолжителни барања кои мораат да бидат задоволени:

1. Понудувачот треба да го подготви планот за Сертифицирање
2. Да издаде сертификати чиј носител ќе биде Хотел Сервис-дооел Скопје.

- Треба да обезбеди реализација на процесот на сертификација согласно правилата на ИАФ (IAF – InternationalAccreditationForum).

Активности од задачата

Сертификационата куќа ќе биде обврзана со следниве активности:

- да изготви план за проверка на ЦРРСМ и навремено да ја информира институцијата заради негово усогласување со потребите на институцијата.

- да обезбеди стручност (компетентност) и техничка поддршка за успешно спроведување на процесот на сертификација.

- да издаде сертификати ИСО 22000 меѓународен стандард за безбедност на храната.

Очекувани Резултати:

- Акредитирани сертификати чии носител ќе биде Хотел Сервис дооел Скопје

Имплементацијата ќе се спроведува на Македонски јазик.

Напомена: Во случај да понудувачот не ги исполнува минималните барања од техничките спецификации Договорниот орган понудата ќе ја смета за неприфатлива.

1. **Главни обврски на понудувачот кој јаизвршува услугата:**
   - Да изготви план за проверка и навремено да ги информира надлежните лица;
   - Да обезбеди стручност (компетентност) и техничка поддршка за успешно спроведување на процесот на сертификација;
   - Да издаде сертификат за Систем за управување со квалитет според барањата на меѓународниот стандард ИСО 22000

.

Носителот на набавката е должен да го достави сертификатот до надлежните лица во Нашата компанија по спроведената сертификација на имплементиран ISO 22000 – меѓународен стандард за безбедност на храната.

2. **Начиннаплаќање:**

Плаќањето за извршените услуги ќе се врши по извршената сертификација

.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА

Максималното времетраење за извршување на ситеактивности од спецификацијата изнесува 10 дена

Поднесување на предлог:
Временска рамка:
Проектот се очекува да биде завршен во времетраење од 10дена .

Поднесување на предлог:
Заинтересираните консултанти треба да ги достават своите предлози до Владо Стојановски на емаил адреса:**apelinimk@gmail.com најдоцна до (внеси датум)**

Критериуми за евалуација:
Предлозите ќе се оценуваат врз основа на:

- Релевантно искуство во проекти за цертификација на системи за квалитет 20бода и
- Цена 80 бода.

Елиминаторни спсобности

Економскиот оператор задолжително мора да поседува Акредитација за стандардот, (доказ – фотокопија за валидна акредитација од Институтот за акредитација на РС Македонија.

- Да има вработено 1 еден акредитиран водечки проверувачи(Lead auditor).(да достави доказ дека водечкиот проверувач (Lead auditor) е акредитиран).
-

Способност на економските оператори

1. Квалификации на Консултантантската компанија за имплементација на Систем зауправување

1.1 **Способност за вршење професионална дејност**

Економскиот оператор треба да е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка.За докажување кономскиот оператор треба да достави потврда за регистрирана дејност (образец ДРД/ПРД).

1.2 **Техничка способност**

Потребната техничка способност за квалитетно извршување на договорот, економскиот оператор го докажува преку следниве услови:

- Економскиот оператор задолжително мора да поседува Акредитација за стандардот, (доказ – фотокопија за валидна акредитација од Институтот за акредитација на РС Македонија.
- Да има вработено 1 еден акредитиран водечки проверувачи(Lead auditor).(да достави доказ дека водечкиот проверувач (Lead auditor) е акредитиран).

Непоседување на овие документи значи елиминација од постапката

Искуство:

Економскиот оператор треба да има реализирано минимум **3 (три) договори** за извршени услуги од предметната област **во последните 3 (три) години**. За докажување на овој услов економскиот оператор треба да достави **листа на главни извршени услуги согласно предметот на набавка во последните 3 години**- референтна листа.

2. Цена

Консултантската компанијаќедадепонудата за своите услуги по фикснапаушална цена, која ги вклучува сите трошоци.

ХОТЕЛ СЕРВИС Ресен
Управител,
Владе Стојановски
_____